**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор на студенти од ранливи категории и студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии за учебната 2022/2023 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти од ранливи категории и студенти чие родителско право го врши само еден родител кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2022/2023 година.

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии во учебната 2022/2023 година, (во натамошниот текст - апликант), кој припаѓа на некоја од следниве наведени категории и тоа:

- само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените;
- починат родител;
- еден родител кој го загубил родителското право;
- едниот родител е непознат;
- двајца студенти со родители со минимална месечна плата;

3. Спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Оглас ќе ја прави Комисијата за финансии, инвестиции и развој при Универзитет „ Гоце Делчев “ – Штип, и еден претставник на студентите (Претседател на студентски парламент или студентски правобранител).

Апликациите се поднесуваат до: **Архива на Универзитет „ Гоце Делчев “ – Штип – ул. „ Крсте Мисирков “ – 10А – Штип, со назнака: - за Комисија за финансии, инвестиции и развој** – документи по интерен оглас за избор на студенти од ранливи категории и студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии.

Апликациите се поднесуваат до: **09.12.2022** година.

4. Квотата на студенти кои имаат право да ја користат оваа погодност се утврдува на следниот начин според фактичката состојба на семејство кои треба да исполнат услови за родителот и самиот апликант и тоа:

- едниот родител е примател на минимална месечна плата;
- двајца родители се примaтели на минимална месечна плата кои имаат двајца студенти на прв циклус на студии на Универзитетот;
- едниот родител е примател на пензија до минималната плата
- едниот родител е корисник и остварува одредено право на и од социјална заштита
- апликантот не е корисник на семејна пензија од починатиот родител;
- апликантот е корисник на семејна пензија од починатиот родител и истата изнесува до 6.000 денари;
- апликантот не е корисник на пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат;

- апликантот е корисник пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат до 6.000 денари;

5. Апликантите до Комисијата за Финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип поднесуваат пријава во која ќе наведат:

- за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
- за студентите од повисоките години: потврда за редовен студент.

6. Со пријавата апликантите, ги доставуваат и следниве документи во зависност од својата категорија и тоа:

- потврди за остварена плата на родителот/те за последната исплатена плата;
- за корисници на социјална помош/услуги се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи;
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија;
- потврда за (не)остварување на правото на семејна пензија на апликантот;
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход;
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд;
- за починат родител - извод од матичната книга на умрените;

7. Во постапката за избор на студенти комисијата врши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 6 од Одлуката).

Комисијата самостојно креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно.

Ранг - листите се објавуваат на огласна табла (интернет страницата на Универзитетот) најдоцна до 15 декември 2022 г.

8. Апликантите имаат право на приговор по објавените ранг-листи во рок од 5 работни дена (најдоцна до 22 декември 2022 г.). Комисијата за финансии, инвестиции и развој ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во огласот ја сочинуваат Конечната ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на партиципацијата за прв циклус на студии.

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип